Врз основа на член 59 став (12) од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 ), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Дваесет и третата седница одржана на ден 24.04.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА В4 - ОРГАН НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Се ослободува инвеститорот од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објектот со намена В4 - Орган на локална самоуправа, предвиден на градежната парцела Г.П 2 од ДУП за дел од УЗ Автокоманда, локална самоуправа и дел од комплекс на факултети, Општина Гази Баба - Скопје, донесен од Советот на Општина Гази Баба со одлука бр.07-1891/9 од 29.06.2012 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.6/12), за која градежна парцела е одобрен Архитектонско - урбанистички проект со потврда за заверка бр.28-3/3158/26 од 22.11.2018 година и тоа во висина од 100% од делот што и припаѓа на Општина Гази Баба по основ на уредување на градежното земјиште.

### Член 2

Ослободувањето од плаќање на надоместокот се однесува за:

- вкупно предвидената површина за градење за изградба на објектот означен како зграда 2.1 и зграда 2.2 од одобрениот Архитектонско - урбанистички проект со потврда за заверка бр.28-3/3158/26 од 22.11.2018 година

### Член 3

Ослободувањето од плаќањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се однесува на инвеститорот со кој ќе биде склучен Договор за оттуѓување на градежно земјиште во државна сопственост, по претходно спроведена постапка за оттуѓување на градежно земјиште по пат на јавно наддавање согласно Законот за градежно земјиште, како и на инвеститорот Општина Гази Баба која ќе се јави како инвеститор на објектот означен како зграда 2.1.

### Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за одлободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на деловен комплекс и административен објект на Општина Гази Баба, бр.07-1830/23 од 31.05.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.7/13).

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1748/7**
**од 24.04.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**